ООУ „Александар Здравковски“ – Јегуновце

**ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

за период од 2023 до 2025 година



в.д.директор

Николина Мишовска

Јегуновце, 2025 година

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на **<u>ООУ „Александар Здравковски“Јегуновце</u>** период **<u>од 2023 до 2025</u>** година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19 и 229/20 “ ) Општинското основно училиште **<u>„Александар Здравковски“ Јегуновце</u>** изврши самоевалуација на работата на училиштето за период **<u>од 2023/2024 до 2024/2025</u>** година.

За таа цел, беше формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Виолета Димовска –психолог
2. Билјана Стојановска- педагог
3. Далиборка Милосавлевска – наставник по англиски јазик
4. Драгана Ќировска – одделенски наставник
5. Билјана Антовска - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од <u>месец мај до месец јули 2025</u> година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Драгана Ќировска-одговорен, Анѓелина Костовска, Далиборка Милосавлеска, Сашка Павловска, Ладица Спасовска, Лидија Вуческа |
| 2. Постигања на учениците | Димче Грнчаровски- одговорен, Маргарета Ѓорѓевска, Даниела Китановска, Игор Спасовски, Христина Мишовска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Андријана Попоски-одговорен, Татјана Стојановска,Катерина Р.Симјановска, Слаѓана Димитриевска, Дејан Ристовски, Бисера Ѓ. Пероска, Мишо Маринковски |
| 4. Управување и раководење | Соња Мицоска-одговорен,Игор Грковски, Татјана Марковска, Ладица Спасовска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 27.08.2025 г. година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот / резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во рамките на оценувањето на состојбите во училиштето, идентификувани се повеќе силни и неколку слаби страни, како и приоритети за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги опфаќа најзначајните аспекти од оваа анализа и укажува на насоките за понатамошно унапредување на училиштето.<br>Една од главните предности на училиштето е тоа што наставните планови и програми во целост го помагаат личниот и општествениот развој – подеднакво на машките и женските деца. Училиштето ги реализира наставните планови и програми изготвени од БРО и одобрени од МОН, по претходно посетени обуки. На почетокот од учебната година наставниците ги изготвуваат наставните програми на ниво на стручни активи со цел осовременување на наставните програми согласно со промените. При изготвување на годишните планирања наставниците планираат соработка со локална средина (посета на значајни стопански и индустриски објекти, |

музеи, културно – историски споменици и институции) во зависност од наставната содржина – во времето на реализација на таа содржина.

Во училиштето има Инклузивен тим, а за секој ученик кој има потешкотии е формиран и Инклузивен тим за ученик. Инклузивниот тим им помага на наставниците во прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби, односно со потешкотии и при изработка на ИОП. Исто така во одделенска и предметна настава се реализираат индивидуални часови со содржини од ,,Меѓуетничка интеграција во образованието,,.

Изборни предмети за учениците се врши според процедура. На крајот на тековната учебна година учениците се анкетираат за изборен или слободни изборени предмети за наредната учебна година. Учениците имаат можност за избор на еден или два предмета според своите интереси и афинитети.

Училиштето планира и реализира воннаставни активности во согласност со желбите, интересите и потенцијалите на учениците и се стреми истите да го потикнат нивниот личен и социјален развој. Сите воннаставни ученички активности подеднакво им се достапни на машките и женските деца. Училиштето очекува позитивни резултати од вклученоста на учениците во овие активности, афирмација на училиштето, освојување на повеќе награди на регионални и републички натпревари, изградување на позитивна клима за работа и дружење меѓу учениците.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации, ликовни изложби, конкурси и натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво. Тие имаат освоено значителен број награди (пофалници, дипломи, признанија). Учениците сметаат дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат на различни натпревари.

И покрај бројните предности, идентификувани се две слабости кои го ограничуваат целосниот потенцијал на училиштето. Првата слаба страна е тоа што училиштето планира активности за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО), меѓутоа не се реализираат планираните активности со партнер училиштето, што може да го намали ефектот и значењето на овие активности. Втората слаба страна е тоа што во училиштето нема дефектолог за работа со учениците со посебни образовни потреби.

**Силни страни**

- Наставниците добиваат навремени обуки за примена на современи методи во наставата;
- Наставниците разменуваат искуства за планирањата на часовите најмалку двапати во полугодието;
- Стручната служба редовно ги следат планирањата и работата на наставниците;
- Наставниците ги приспособуваат задачите и активностите на часовите според индивидуалните образовни потреби на учениците и користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми;
- Наставниците ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања на часовите и учениците можат слободно да се изразат на часовите;
- Наставниците на часовите користат различни ресурси за учење и настава;
- Наставниците ги пофалуваат постигањата на учениците ;
- Учениците имаат пристап до различни материјали за учење и работаат на

различни начини кои поттикнуваат интеракција меѓу нив;
- Оценувањето во училиштето е праведно;
- Училиштето ги известува родителите за листата на изборни и слободни изборни предмети и учениците ги избираат предметите согласно своите интереси;
- Наставниците ги мотивираат учениците да учествуваат во натпревари;
- Родителите и учениците сметаат дека училиштето е безбедно место.

**Слаби страни**

- Во училиштето нема дефектолог за работа со учениците со посебни образовни потреби,
- Не се реализираат заедничките актиности од Меѓуетничка интеграција во образованието.

**Приоритети**

- Реализација на планираните заеднички активности од Меѓуетничка интеграција во образованието со партнер училиштето;
- Вработување на дефктолог;
- Поголема соработка со ресурсниот центар ОУРЦ „Д-р. Златан Сремец“ и центарот за поддршка ООУ „Симче Настовски“

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето како воспитно-образовна институција, постојано се грижи и придонесува за подобрување на постигањата на учениците преку:
- изготвување на квалитетни наставни планови и програми за работа, диференциран пристап кон наставата и изготвување на ИОП
- примена на современи наставни форми, методи и техники за работа со учениците,
- максимално користење на нагледните средства со кои располага училиштето и примена на ИКТ во наставата и вонннаставните активности,
- мотивирање на учениците за постигнување поголем успех во работата и помасовно учество во образовни, културни, спортски и други воспитни активности,
- систематско следење и помагање на учениците за постигнување на наставните цели и објективно оценување,
Како резултат на ова учениците секоја година покажуваат подобри резултати и постигнувања во воспитно – образовниот процес.
Не постои разлика во постигањата на учениците во зависност од полот и тие разлики повеќе се индивидуални и зависат од способностите и залагањата на

учениците.
Како резултат на своето базично образование, стручно усовршување и други услови во наставата, наставниците се оспособени за применување на современи методи и инструменти во оценувањето на постигањата на учениците.
За оценувањето да биде пообјективно, наставниците критериумите за бројчано оценување изготвени во согласност со Правилникот за оценување, ги прилагодуваат во зависност од спецификите на предметот кој го предаваат. Постигањата на учениците се следат континуирано, за истите, наставниците користат формативно и сумативно оценување, постојано ги информираат учениците за степенот на стекнатите знаења, а напоредно им даваат насоки за подобрување на постигањата.
Училиштето врши споредбена анализа на постигнатите резултати по различни одделенија, наставни предмети, од една учебна година во друга преку анализа на табеларните извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците на крајот од учебната година. Овие извештаи ги изготвува стручната служба по претходно обработување на податоците добиени од страна на одделенските раководители за секоја паралелка пооделно.
Напредокот и постигањата на учениците кои имаат потешкотии во учењето се следи во текот на целата учебна година и по потреба со нив се организира дополнителна настава. За таквите ученици предметните наставници планираат диференцирани цели и активности во зависност од потребите на учениците. Стручната служба, по потреба, дава индивидуална поддршка на учениците со потешкотии. За ученикот со ПОП има изготвено и се работи по ИОП.
За надарените ученици се организира додатна настава и истите се вклучуваат во натпревари согласно изготвените програми.
Во училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој ја донесува програмата за работа на годишно ниво и ја координира работата на инклузивниот тим за ученикот со потешкотии.
Соработката меѓу наставникот, ученикот и родителот е постојана во текот на целата учебна година, иницирана од страна на предметниот наставник или одд. раководител или од страна на родителот доколку оцени дека има потреба за тоа , а со цел подобрување на постигањата на ученикот. За тоа има придонес и редовното одржување советувања со родителите и учениците, од страна на стручната служба, според Правилникот за советување. Во текот на годината се организираат индивидуални и групни средби, по потреба, како и општи родителски средби.

**Силни страни**

- Училиштето развива стратегии за континуиран интелектуален, социјален и емоционален развој на учениците преку непосредно вклучување на наставниците, стручните соработници, учениците и родителите во целиот образовно-воспитен процес.
- Просечниот успех на учениците на ниво на училиште е многу добар
- Училиштето има материјално-технички и кадровски услови кои имаат влијание на подобрувањето на постигањата на учениците,
- Инклузивноста се применува во наставната практика во поддршката на учениците кои имаат потешкотии во учењето и се работи со нив со диференцирани наставни цели,

- Наставниците и учениците учествуваат на натпревари и конкурси и постои мотивираност за постигнување успех и промовирање на вредности,
- Редовно информирање на родителите за постигањата на учениците од страна на наставниците,
- Споделување на активностите во училиштето и резултатите на учениците на натпреварите на социјалните мрежи,
- Училиштето постојано ги мотивира учениците да постигнат подобар успех, дисциплина и редовност преку предавања, работилници, конкурси, панаѓури, квизови, проекти и др.
- Подобрување на успехот и редовноста на учениците како резултат на советувањето на родителите и учениците од страна на стручната служба.

**Слаби страни**

- Недоволен број на просторни услови за воведување едносменска настава и кабинети за сите предмети со воведување на кабинетска настава,
- Недоволна стручна оспособеност на наставниците за изработка на ИОП за работа со деца со посебни образовни потреби,
- Во училиштето нема асистивна технологија која би се користела во наставата кај ученици со посебни образовни потреби.
- Критериумите за откривање и следење на напредокот на надарените и талентираните ученици се базира на субјективната проценка на наставниците.

**Приоритети**

- Учество на наставниците меѓународни проекти, како и пренесување на информациите и стекнатите искуства од нив преку дисеминации во училиштето.
- Обуки на наставниците за работа со деца со попречености и со талентирани ученици
- Набавка на асистивна технологија за работа со учениците со посебни образовни потреби.
- Изработка на Интернет страница на училиштето со цел промовирање на училиштето.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Нашето училиште е училиште од отвотен тип и постојано е подготвено за соработка со сите надворешни лица, а посебно родителите .Во училиштето сите односи се базирани на взаемно почитување. Сите ученици без разлика на полот и националната припадност се еднакво третирани. Се реализираат разни наставни и воннаставни активности во кои се вклучени сите ученици.

Беше планирана и континуирано се реализираше соработката со родителите преку различни форми. Дел од родителите директно беа вклучени во активностите на тимовите во училиштето како: СИТ, УИТ,ИТУ, ЕКО одбор и др., како и во организација и реализација на наставни и воннаставни активности. Активно учествуваа на отворени часови, новогодишен панаѓур, културно-забавни програми и сл. Континуирана беше соработката со родителите и преку советот на родители и директно со сите родители преку транспарентен однос кон информирање за активностите и постигањата на учениците во училиштето, како на индивидуални така и на групни отворени средби.

Родителите се задоволни од работата на училиштето и однесувањето на наставниците кон учениците.

Плански и системски се продолжи со имплементирање на инклузивноста во училиштето. Проширен е инклузивниот тим во училиштето, подготвена е програма за работа, и информирани беа сите структури во и надвор од училиштето за вклучување во програмата инклузивно образование. Наставниците изработија ИОП за еден ученик, додека со неколку ученици се работеше со диференциран пристап, според целите и можностите на учениците. Континуирано се реализираа средби со родителот на ученикот кој беше информиран и вклучен во реализацијата на ИОП.

Соработката со регионалниот фудбалскиот клуб во кој и членуваат голем број наши ученици се реализираше континуирано. Како и соработка со КУД„Извор“ , каде активно членуваат голем број наши ученици.

Училиштето грижата за здравјето и безбедноста на учениците се оствари во соработка со Здравствен дом, ПЗУ во Јегуновце, Забна амбуланта- Тетово, ЦМЗМ-Скопје, ЦСГ и Винер осигурување.

Во училиштето се негува култура на почитување и поддршка, што придонесува за создавање на пријатна и безбедна училишна средина, каде што секој ученик може да се развива и напредува.

Има протокол за насилство изготврен врз основа на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Училиштето во текот на целата година превзема активности за заштита на учениците од физички повреди и елементарни непогоди преку обезбедување добри услови за работа во училиштето и организирани дежурства на наставници.

Училиштето постојано води сметка хигиената да се одржи на високо ниво во сите простории во училиштето.За заштита и унапредување на здравјето на учениците, училиштето превзема мерки и активности: предавања и дебати од областа на здравственото воспитување и работилници за зачувување на менталното здравје, кои ги реализираат одделенските раководители и стручната служба. Се

реализираат предавања за укажување на штетното влијание на никотинот, алкохолот и наркотични средства,
Преку ученичкиот парламент учениците учествуваат во решавањето проблеми ,давање иницијативи и донесуваат одлуки .
Ученичкиот правобранител ги заштитува и промовира детските права на учениците во училиштето, ги информира и за процедурата за постапување при нивно прекршување.
Училиштето води посебна грижа за учениците од социјално загрозени семејства, кои имаат потреба од поголема помош и подршка од страна на наставниците, стручните соработници и останатите вработени во училиштето.
Се дава континуирана поддршка и помош во учењето и воопшто во совладување на најразлични проблеми на кои наидуваат во текот на школувањето.
Со учениците од осмо и деветто одделение се работи според Програмата за професионален и кариерен развој
Сите успеси на учениците од нашето училиште се промовираат преку фејсбук страната на училиштето, нема сопствена веб страна.

**Силни страни**

- Односот помеѓу сите субјекти во училишето се базира на взаемно почитување.
- Училиште е од отвотен тип и постојано е подготвено за соработка со сите надворешни лица, а посебно родителите.
- Училиштето обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици без оглед на полот и социјалниот статус на ученикот.
- Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим и инклузивен тим за ученик со ПОП .
- Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во воспитно образовниот процес во училиштето.
- Во училиштето се почитува Кодексот на однесување на ученици, наставници и родители, како и Куќниот ред за вработените во училиштето.
- Учениците се чувствуваат безбедни во училиштето за време на часовите и одморите. Родителите сметаат дека училиштето е безбедно место.
- Учениците се запознаени со процедурата како да постапат во случај кога се сведоци или жртви на насилство.
- Во училиштето се води сметка за учениците со трауми од ментална и физичка злоупотреба и континуирано дискретно се работи со нив.
- Училиштето редовно ги следи сите ученици, а посебно оние со психофизички и емоционални проблеми и реализира) активности: индивидуални и групни совети, работилници, предавања од областа на ментално и физичко здравје како и систематски прегледи.
- Советодавна помош на учениците им се дава од страна на стручната служба-психологот или педагогот, по препорака на одделенскиот раководител и постои континуирана соработка меѓу нив.
- Во училиштето се работи на професионално информирање и советување на деветодделенците во зависност од нивните способности и реалните услови.
- Наставниците на одделенските часови редовно спроведуваат работилници за заштита од дрога, пушење и алкохол и здрава исхрана , од областа на менталното

здравје . Се реализираат содржини на Образование за животни вештини, ПИКОК ,ДИСО и Модул за МЗ.

**Слаби страни**

- И покрај напорите на нашето училиште дисциплината и поведението не се на завидно ниво. Некои родители покажуваат незаинтересираност за заедничко делување во надминување на овој проблем.
- Во училиштето нема кујна. Учениците купуваат храна од околните продавници или носат од дома.
- Училиштето нема сопствена веб страна.

**Приоритети**

1. Подигање на едукативното ниво на родителите за поддршка на нивните деца.
2. Подобрување на дисциплината и поведението на учениците.
3. Изработка на веб страна на училиштето за промовирање на активностите и постигањата на учениците.
3. Унапредување на училишниот капацитет за успешно имплементирање на инлкузивноста во училиштето – поддршка на учениците со потешкотии и на надарените ученици.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

Училиштето работи согласно Законот за основно образование, Законот за работни односи, Колективниот договор, и актите кои произлегуваат од нив: Статутот на училиштето, Правилникот за организација и систематизација, Планот за развој на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето.
Највисок орган на управување е Училишниот одбор кој работи согласно законската регулатива и Деловникот за работа на училишниот одбор
Со училиштето раководи директорот на училиштето во соработка со стручните органи на училиштето, по однапред изготвена програма.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни плановии програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични планови. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и совреметите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

| |
|---|
| Училиштето има воспоставено процедура преку која што се врши дисеминација. .<br>Развојно се работи на подобрување на квалитетот на воспитно- образовниот процес, има подобрување во организација и реализација на наставата и учењето ,подобрени инфраструктурните услови, според планираното освен санација на внатрешните ѕидови и<br>доградба на училници во ц.у. Подобрена е соработката со родителите , вклучуваат родителите во животот и работата на училиштето и учество на отворени часов и активности организирани во училиштето.<br>Финансиското работење е планирано и во рамки на Законската регулатива.<br>Училиштето има солидна основа во однос на достапноста на ресурси и транспарентноста во информирањето, но има и простор за унапредување, особено во вклучувањето на родителите и обезбедувањето на потребни средства за наставата. |
| **Силни страни**<br>• Развојно се работи на подобрување на квалитетот на воспитно- образовниот процес, има подобрување во организација и реализација на наставата и учењето<br>• Подобрени се инфраструктурните услови<br>• Родителите се вклучуваат во животот и работата на училиштето преку учество на отворени часов и активности организирани во училиштето.<br>• Училишниот одбор работи согласно Законот и Деловникот и е вклучен во решавање на проблемите.<br>• Финансиското работење е планирано и во склад со Законските одредби, а според материјалните можности. |
| **Слаби страни**<br>• Родителите немаат доволно информации за работата на училишниот одбор<br>• Не се реализираа според планираното санација на внатрешните ѕидови и доградба на училници во ц.у.<br>• Училиштето обезбедува средства за потрошен материјал за наставата и вонНаставните активности но тие не се деоволни за сите наставни предмети |
| **Приоритети**<br>• Навремено и целосно информирање на родителите и наставниците за одлуките кои што ги донесува училиштето.<br>• Обезбедување на соодветен простор за читална во библитеката<br>• Изградба на училници во централното училиште во Јегуновце и санација на внатрешните ѕидови .<br>• Обезбедување на доволно средства за наставни предмети и вонНаставни активности |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

За подобрување на квалитетот на работата на училиштето предложени се следниве предлог
мерки:

- Реализација на планираните заеднички активности од Меѓуетничка интеграција во образованието со партнер училиштето;
- Вработување на дефктолог;
- Поголема соработка со ресурсниот центар ОУРЦ „Д-р. Златан Сремец“ и центарот за поддршка ООУ „Симче Настовски“
- Учество на наставницитена меѓународни проекти, како и пренесување на информациите и стекнатите искуства од нив преку дисеминации во училиштето
- Набавка на асистивна технологија за работа со учениците со посебни образовни потреби.
- Изработка на Интернет страница на училиштето со цел промовирање на училиштето.
- Подигање на едукативното ниво на родителите за поддршка на нивните деца.
- Подобрување на дисциплината и поведението на учениците.
- Унапредување на училишниот капацитет за успешно имплементирање на инлкузивноста во училиштето – поддршка на учениците со потешкотии и на надарените ученици.
- Навремено и целосно информирање на родителите и наставниците за одлуките кои што ги донесува училиштето.
- Обезбедување на соодветен простор за читална во библитеката
- Изградба на училници во централното училиште во Јегуновце и санација на внатрешните ѕидови .
- Обезбедување на доволно средства за набавка на материјали за реализација на наставните и воннаставните активности.

Комисија за спроведување на СЕУ:

1. Виолета Димовска –психолог
2. Билјана Стојановска- педагог
3. Далиборка Милосавлевска – наставник по англиски јазик
4. Драгана Ќировска – одделенски наставник
5. Билјана Антовска - родител

в.д. директор
Николина Мишовска